Почитувани,

Во однос на Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри објавен на 5-ти Јануари 2018, а во својство на 35 години искусни чинители во оваа дејност, со успешна професионална позадина, би сакале да земеме дел од јавната дебата која се однесува на предлогот за најновите измени и дополнувања на Законот за игрите на среќа, од чијашто судбина, зависи иднината на сите оние трговски друштва, кои за примарна дејност ги имаат посебните игри на среќа, и во тој правец, како претставници од практиката, имаме конкретни аргументи преку кои ќе дадеме своевидна критика на текстот од предлог-законот, а доколку истите бидат доследно проследени од предлагачот, па понатаму и од законодавецот, Ве уверуваме дека истите критики и забелешки изјавени во овој текст ќе бидат предност на македонското законодавство во поглед на игрите на среќа и забавните игри, особено во делот на посебните игри на среќа односно казината. Сметаме дека имаме кредибилитет да се повикаме на тоа дека сме дел од експертската јавност по повод ова прашање и аргументирано би сакале да истакнеме што ние сметаме дека е правилно законско решение.

Ќе ги коментираме само измените кои се однесуваат на работата на Казината во Македонија, затоа што се само пет на територијата на Република Македонија, од кои три се наоѓаат во Гевгелија.

Овие три казина кои работат во рамките на хотели со 5 ѕвезди остваруваат заедно околу 50 милиони евра годишен приход. Бидејќи 90% од играчите се странци, тоа значи 50 милиони евра годишно нето девизен прилив. Ваквиот економски ефект не е значаен само на локално ниво, за општината Гевгелија, туку и за Република Македонија воопшто. Во трите казина-хотели се вработени околу 1000, претежно млади лица. Од аспект на придонесот врз локалното стопанство, трите казина-хотели трошат околу 300.000,00 евра месечно за храна и пијалоци кои ги набавуваат од домашни добавувачи. Во однос на доприносот во Буџетот на Македонија, преку паушали и надоместоци, бројките се јавно познати и не би се задржувале, затоа што предмет на ова излагање претставуваат негативните ефекти кои предложените законски решенија би ги продуцирале доколку биде изгласан и усвоен Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и забавните игри.

Посебните игри на среќа, согласно позитивното право на Република Македонија, односно според Законот за игрите на среќа и другите забавни игри[1], се таксативно наброени во Законот за игрите на среќа и другите забавни игри, во членот 4[2] ст. 3. Во посебните игри на среќа спаѓаат: игри на среќа во казино, игри на среќа во обложувалница и игри на среќа во автомат клуб. Сите погоренаведени, во согласност со членот 4[3] ст. 4 можат да бидат и интернет игри на среќа доколку учесниците можат да учествуваат преку глобалната интернет мрежа.

Измените и дополнувањата содржани во Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и забавните игри, кои доколку се усвојат, ќе имаат силно влијание врз понатамошниот развој и опстанок на оваа индустрија во Македонија особено на помалите кои немаат директни или индиректни деловни врски со одредени производители на автомати за игри на среќа или опрема за игри на среќа.

## ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗАБАВНИТЕ ИГРИ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ИЗМЕНА ОДНОСНО ДОПОЛНУВАЊЕ

### Анализа и коментари на одредби

Во однос на одредбите на Законот за игрите на среќа и забавните игри, би се осврнале и би обрнале детално внимание на оние кои сметаме дека не треба да бидат предмет на измена и дополнување, или дека измената и дополнувањето треба да биде во друг правец, во согласност со европските практики, позитивните компаративни искуства и правилата на практиката.

---

[1]**Законот за игрите на среќа и другите забавни игри** - Сл. весник бр. 24/2011 од 25.02.2011

[2]**Законот за игрите на среќа и другите забавни игри – член 4** (3) Посебни игри на среќа се: 1) игри на среќа во казино; 2) игри на среќа во обложувалница и 3) игри на среќа во автомат клуб.

[3]**Законот за игрите на среќа и другите забавни игри – член 4** (4) Интернет игри на среќа се општите и посебните игри на среќа од ставовите (2) и (3) на овој член, како и други видови на игри на среќа во кои учесникот може да учествува преку глобалната интернет мрежа.

## Член 57 од Законот за игрите на среќа и забавните игри[4]

Измена на член 57 (Лиценца за приредување на игри на среќа во казино) од постојниот закон со додавање нова алинеја која гласи: **"изјава од одговорното лице дадена под материјална, морална и кривична одговорност дека казиното е оддалечено не помалку од 300 метри од основни и средни училишта".**

Сметаме дека оваа измена не треба да се прави во цитираниот член од Законот, затоа што има суштинска разлика помеѓу Казината од една страна и автомат клубовите и обложувалниците од друга страна, во однос на личната регистрација на учесниците во игрите на среќа. Во Казино секој посетител се легитимира и регистрира (чл.71, став 3 од Законот) така да влезот на лица помлади од 18 години практично е невозможен. Казината,претставуваат објекти од огромна вредност, инвестицијата за опремување, одржување и иновации е од огромна вредност, при што, потполно согласни околу прашањето за одговорноста која што ја имаат спрема Република Македонија, односно спрема Буџетот на Република Македонија, казината покрај тоа што инвестираат огромни суми во конкретната индустрија, истите имаат високи обврски и спрема Република Македонија.

Со ова решение се прави атак врз казино-индустријата во Р. Македонија, која и онака е малубројна, а и во рамките на постојаниот број на активни казина, истите со нивната локација, воопшто не влијаат на развојот малолетните граѓани, односно негативното влијание на казината врз младите во Р. Македонија е значително помала во однос на негативното влијание на експлицитно-сексуалните интернет страници, пристапот до алкохолни производи, цигари, дроги и психотропни супстанци и слично, а ова дотолку повеќе што Хотелите, не се во непосредна

---

[4]**Закон за игрите на среќа и забавните игри - Член 57(1)** Лиценца за приредување на игри на среќа во казино се издава од страна на Владата на Република Македонија врз основа на поднесено барање до Министерството за финансии на пропишан образец во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето до Министерството за финансии. **(2)** Барањето од ставот (1) на овој член може да го поднесе трговско друштво кое на денот на поднесувањето на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата. **(3)** Трговското друштво од ставот (2) на овој член, кон барањето задолжително доставува: - акт за основање на трговското друштво, - правила на играта на среќа, - потврда дека трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во моментот на поднесување на барањето за издавање на лиценца за приредување игри на среќа, - потврда дека трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето, а ако трговското друштво не е постаро од шест месеци од денот на неговото основање, - доказ за потеклото на средствата, односно стварите и правата кои се внесени како основна главнина, - програма за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со прописите со кои е регулирано спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам, - доказ за потеклото на паричните средства кои се уплаќаат на име надоместок за добивање на лиценца, - доказ за исполнување на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во казино, издаден од надлежен орган не постар од 30 дена од денот на неговото издавање и - доказ издаден од страна на правно лице овластено од министерот за финансии дека поставените автомати и маси во казиното се технички исправни. **(4)** Министерството за финансии по службена должност ги прибавува доказите од членот 40 став (4) од овој закон. **(5)** Овластеното службено лице од Министерството за финансии кое ја води постапката за издавање на лиценца за приредување игри на среќа е должно доказите од ставот (4) на овој член да ги побара од надлежниот јавен орган во рок од три дена од денот на приемот на барањето. **(6)** Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите од ставот (5) на овој член е должен истите да ги достави до Министерството за финансии во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (5) на овој член. **(7)** Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

близина на училиштата, и со ништо не ги намамуваат малолетните лица да пристапат кон учество.
Исто така важен е и фактот што во ова современие, малолетните лица имаат пристап до речиси секаква содржина преку електронските медиуми, па во секој случај, треба да се има предвид, дека локацијата на казината е крајно безопасна.
Исто така треба да се нагласи дека во Македонија и така малиот број на казина (дефиниција според чл.2, став 21 од Законот) сите, без исклучок се сместени во Хотели, некои од нив постојат со децении, така да економски е неодржливо тие да можат да се преселат на друга локација во случај да се затекнати на локација која е помала од 300 метри од основно или средно училиште. Или, што би се случило воколку се изгради ново училиште близу до казино? – повторно, дислоцирањето на овие скапи инвестиции би довело до изумирање на оваа индустрија во Република Македонија, а со тоа покрај што штетата би била огромна за приредувачите, истата би била голема и за државата.
За крај на овој коментар, како што нагласивме на почетокот од ова излагање, малолетни лица, немаат никакви шанси за пристап до казино, а уште помалку за учество во истото, со што оваа измена на законот би била апсурдна, особено кога се во прашања казината.

**Новододадените чл. 147-а, 147-б и 147-в**

**Член 17**[5]
По членот 147 се додаваат три нови члена 147-а, 147-б и 147-в кои гласат:

***„Член 147-а***
*(1) Лиценца за дистрибуција и увоз на автомати, електронски рулети (мултиплеер) и останата опрема за посебни игри на среќа се издава од страна на Владата на Република Македонија врз основа на поднесено барање до Министерството за финансии на пропишан образец во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето до Министерството за финансии.*
*(2) Барањето од ставот (1) на овој член може да го поднесе трговско друштво кое на денот на поднесување на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.*
*(3) Трговското друштво од ставот (2) на овој член, кон барањето задолжително доставува:*
*-документ за регистрација на трговското друштво издаден од Централниот регистар на Република Македонија;*

---
[5]**Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри објавен на 5-ти Јануари 2018**

*-акт за основање на трговското друштво;*

*-изјава дека не приредува игри на среќа или забавни игри;*

*-оригинално овластување за дистрибуција на автомати, електронски рулети (мултиплеер) и останата опрема за посебни игри на среќа на дистрибутерот од страна на производителот на истите;*

*- доказ дека нема блокирано трансакциска сметка во банка во моментот на поднесување на барањето за добивање на лиценца за дистрибуција и увоз на автомати, електронски рулети (мултиплеер) и останата опрема за посебни игри на среќа;*

*-потврда дека против трговското друштво не е поведена постапка за ликвидација и не е отворена стечајна постапка;*

*- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за добивање на овластување за дистрибуција и увоз на автомати, електронски рулети (мултиплеер) и останата опрема за посебни игри на среќа;*

*- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна одземање на овластување за дистрибуција и увоз на автомати, електронски рулети (мултиплеер) и останата опрема за посебни игри на среќа;*

*- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност и*

*-посебни сертификати за земјата на потекло и производството на автоматите, електронските рулети (мултиплеер) и останатата опрема за игри на среќа, како и технички карактеристики и услови за истите.*

*(4) Техничките карактеристики и услови за автоматите, електронските рулети (мултиплеер) и останатата опрема за посебни игри на среќа, поблиску ги пропишува министерот за финансии.*

*(5) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии. "*

***„Член 147-б***

*(1)Лиценца за дистрибуција и увоз на автомати, електронски рулети (мултиплеер) и останатаопремаза посебни игри на среќа се издава за период од три години.*

*(2)За добивање на лиценца за дистрибуција и увоз на автомати и опрема за игри на среќа се плаќа надоместок во износ од 200.000 евра во денарска противврдност по средниот курс на Народната банка на република Македонија на денот на уплатата.*

*(3)Надоместокот за лиценцата се плаќа така што 50% од надоместокот се уплаќа при издавање на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата.*

*(4)Надоместокот од 50% кој се плаќа при издавање на лиценцата, дистрибутерот е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Доколку надоместокот не го плати во предвидениот рок, се смета дека лиценцата не била воопшто издадена.*
*(5)Роковите на достасаност на годишните рати за надоместокот во износ од 50% се утврдуваат во лиценцата. Доколку дистрибутерот пропушти да го плати износот на годишната рата до утврдениот датум согласно лиценцата, Владата на Република Македонија ќе му ја одземе лиценцата.*

***„Член 147-в***

*(1)Трговското друштво овластено за дистрибуција и увоз на автомати за игри на среќа е должно да ја одржува основната главнина од членот 147-а став (2) на овој закон во текот на целиот период на важност на лиценцата. Доколку дистрибутерот не ја одржува главнината за целото времетраење на лиценцата, Владата ќе му ја одземе лиценцата."*

*(2) Трговското друштво од став (1) на овој член е должно во рок од шест месеци по завршувањето на финансиската година да доставува ревизорски извештај до Министерството за финансии за извршената ревизија од страна на овластен ревизор."*

**Во однос член 147-а**

Со лиценцирањето се прави драстично ограничување на пазарот, слободната конкуренција, генерирање на монопол, фаворизирање на малку субјекти во оваа дејност (една до две компани во Македонија кои би ги исполниле условите), но кога се прават дополнителни ограничувања од оние кои се пропишани со сите меѓународни документи и стандарди, тоа е недопуштено затоа што се уништува индустрија односно пазар кој има свои приврзаници, па истите кон него ќе приоѓаат по криминален пат, а од тоа никој нема да има корист, туку напротив, само штета. Монополската положба на одредени субјекти е во директна колизија со Уставот на Република Македонија како највисок правен акт во нашиот правен систем, поконкретно со директна колизија со член 55 се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, додека најстрашно е кога монополската положба на одредени субјекти ја создава државата, и со тоа го задушува пазарот и конкуренцијата, која е сецифична одлука на пазарното стопанство.

Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Од универзалната декларација за човековите права[6], стопанските права се подигнати на највисоко ниво, односно учеството на пазарот во рамноправни и фер услови, претставува конкретизација на општата формулација на декларацијата во овој контекст.

Од Уставот произлегува забраната, поедини субјекти, вклучувајќи ја и државата како носител на суверената власт, да практикуваат модели на нелојална конкуренција, да предизвикуваат монополистичка положба на пазарот, и ограничување на пазарот со намалување на шансите за еднаков пристап на секој кој е заинтересиран да учествува на него.

За тоа колку пазарот е главен двигател на стопанството во услови на капиталистичко економско уредување, укажуваат и одредбите на документите на Европската Унија, кои пак преку Спогодбата за стабилизација и асоцијација и преку други обврзувачки спогодби, Република Македонија мора да ги прифати како дел од своето право, адаптирани на специфичните околности кои се однесуваат на Р. Македонија, за да може да се зборува за апроксимација[7] на националното право, со правото на Европската Унија.[8]

Според членовите 101 и 102 од Договорот за функционирањето на Европската Унија (Лисабонски договор) како некомпатибилно со внатрешниот пазар се забранува следното: сите спогодби меѓу претпријатија, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласени практики кои може да влијаат на трговијата меѓу земјитечленки и кои имаат за своја цел или резултат спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата во рамките на внатрешниот пазар, а особено оние кои: **(а) директно или индиректно ги одредуваат купопродажните цени или некои други трговски услови**; **(б) го ограничуваат или го контролираат производството, пазарите, техничкиот развој или инвестициите**; **(в) ги делат пазарите или изворите на набавки**; (г) применуваат различни услови за исти трансакции со други трговски страни, и на тој начин ги поставуваат тие страни на понеповолна конкурентна положба; (д) склучуваат договори во зависност од прифаќањето на другите страни на дополнителни обврски коишто по својот карактер или според трговската примена немаат никаква врска со предметот на тие договори. Член 102 (поранешен член 82 од ДЕЗ) Секоја злоупотреба на доминантна позиција на внатрешниот пазар или на

[6]**Универзална декларација за човековите права Член 22** Секој, како член на општеството, има право на социјално осигурување и право да остварува стопански, општествени и културни права нужни за своето достоинство и за слободен развој на својата личност, со помош на државата и меѓународната соработка, а во согласност со организацијата и средствата на секоја држава.

[7]**Закон за ратификација на спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Репблика Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки – Сл. весник 28/2001 – Член 1 ст. 2 т. 3** – да промовира урамнотежени економски односи и постапно да се развива слободна трговска зона помеѓу заедницата и Република Македонија

[8]Consolidated version of the Treaty on the Functioning of the European Union - PART THREE: UNION POLICIES AND INTERNAL ACTIONS - TITLE VII: COMMON RULES ON COMPETITION, TAXATION AND APPROXIMATION OF LAWS - Chapter 1: Rules on competition - Section 1: Rules applying to undertakings - **Article 101 (ex Article 81 TEC)** Official Journal 115 , 09/05/2008 P. 0088 - 0089

значителен дел од него, од страна на едно или повеќе претпријатија,се забранува како некомпатибилна со внатрешниот пазар, доколку тоа може да влијае на трговијата помеѓу земјите-членки. Конкретно, таквата злоупотреба може да се состои од: **(а) директно или индиректно наметнување на неправедни куповни или продажни цени или други неправедни трговски услови; (б) ограничување на производството, пазарите или техничкиот развој на штета на потрошувачите; (в) примена на нееднакви услови за еквивалентни трансакции со други трговски партнери, на тој начин ставајќи ги во неповолна конкурентна положба;** (г) склучувањето на договори да подлежи на прифаќање на дополнителни обврски од други страни, кои, според нивниот карактер или трговска примена, немаат никаква врска со предметот на таквите договори.

Пазарот на автомати за игри на среќа во Македонија е сосема мал, не ќе имаат интерес поголем број од реномираните светски производители да назначат свои преставници во Македонија, па помалите приредувачи ќе морат да набавуват од една (две) комании кои сепак ќе имаат ограничен избор но и цени кои никој не ги контролира.

И секако можноста да одреден дистрибутер има и непосреден деловен интерес со одреден приредувач на игри на среќа во автомат клубови во Македонија!

**Во однос на претходно цитираниот член 147-а ст. 4**

Техничките карактеристики и услови за автоматите, електронските рулети (мултиплеер) и останата опрема за посебни игри на среќа, поблиску ги пропишува министерот за финансии".

Во меѓународни рамки вообичаено е исправноста, безбедноста и функционалноста да се обезбедува со сертифицирање на производот во една од релевантните лаборатории за тестирање и сертифицирање на опрема за игри на среќа, како GLI, BMM, SIQ, при што овие стандарди се дел од регулативата на ЕУ, САД, Австралија … Се тестираат критериумите кои влијаат на кредибилитетот и интегритетот на уредот за игри на среќа, од двата аспекти, од аспект на прибирање на приходите и од аспект на играчот. Стандард кој ќе осигура дека уредите за игри на среќа во казината се фер, безбедни, можат да бидат предмет на ревизија и да работат правилно.Тоа би било доволна гаранција да автоматите бидат пуштени во промет без да се ограничува увозот и дистрибуцијата. Нема потреба од лиценцирани дистрибутери, автомати стари до една година (!) и слични администрирања, што е всушност ограничување на пазарот и привилигирање одредени субјекти.

За нас е несватливо ние како приредувачи на игри на среќа да неможеме сами да си ја одбереме и набавиме опремата која сметаме дека ќе ни одговара а која е достапна на светскиот пазар, туку да мораме да набавуваме од една (две) лиценцирани компнии во Македонија тоа што тие ќе бидат волни да ни понудат, по цени за кои тие самите ќе одлучат колку високи ќе бидат.

Нашиот предлог е ваква измена воопшто да не се прави. Или алтернативно, барем да не се лиценцират компаниите а евентуално да се обврзе увозникот за увоз на автомати кои задоволуват одреден стандард (GLI, BMM, SIQ или од друга релевантна лабораторија).

Секој приредувач, за свои потреби да може сам да си одбере и набави автомати за игри на среќа на светскиот пазар, нормално, при тоа почитувајќи ги светските признати стандарди кои автоматите за игри на среќа треба да ги исполнуваат.

Воколку сепак се воведат, вака како што се предложени или пак во некој дел модифицирани, членовите 147-а, 147-б и 147-в, треба да се дефинира што значи "ОСТАНАТА ОПРЕМА ЗА ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА". Дали, на пример и механичките рулети, чоите, картите за играње, дловите за автомати за игри на среќа потпаѓаат под истата предложена регулатива.

Сакаме да предупредиме дека, воколку предложените измени се имплементират, работата и опстанокот на помалите приредувачи ќе бидат загрозени односно ќе водат во монополизација на игрите на среќа во Македонија.

Се надеваме дека ќе ги разберете нашите причини за ваквата реакција и ќе го вратите предлог законот за измена на законот за игри на среќа на доработка, прифаќајки ги аргументите кои погоре ги презентиравме.

Го изразуваме нашиот интерес за работен состанок со Вас кај што подетално би ги образложиле нашите аргументи заради донесување квалитетна регулатива во оваа област.

Со почит,

КОРОНА ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО

АПОЛОНИЈА КАЗИНО Гевгелија